Бр. 17 Цена: 50 ден. јануари 2011 год.

# ШТИТ

ISSN: 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



УНИВЕРЗАЛНО БАЛИСТИЧКО ЗАШТИТНО СРЕДСТВО „АЛЕК М09“

## ПЛОД НА МАКЕДОНСКИОТ УМ

ПРИЗНАНИЕ ЗА НАШИТЕ ХЕРОИ

## ФЕНИКС ГОРДО СЕ ВРАТИ

ИДЕЈНИ РЕШЕНИЈА ЗА НОВИТЕ ГАРДИСКИ УНИФОРМИ

## Спој на традицијата и културата

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★

# Содржина:




Страница 8 **ИНТЕРВЈУ СО МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА, ЗОРАН КОЊАНОВСКИ**

Страница 4 **РАЗВРСКА НА ЈАЗОЛОТ**
МНОГУ ОПТИМИЗАМ И ОЧЕКУВАЊА

Страница 17 **МИСТЕРИОЗНИ ДИСКОВИ**
ЛЕТАЛАТА КОИ НЕ ЈА ВИДОА „СВЕТЛИНАТА НА ДЕНОТ"

Страница 28 **СИГУРНА ПОТПОРА**
СО ВОЕНАТА ПОЛИЦИЈА НА АРМ

Страница 38 **ЗАЕДНО ЗА МИР**
ОСВРТ КОН СЕДМИОТ САМИТ НА ОБСЕ

Страница 44 **БЕЗБЕДНОСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
НАТО - КОМИТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И НАУКА ЗА МИР

Страница 46 **ВООРУЖУВАЊЕТО НА ЧЕТИТЕ НА ТМОРО**
ДО ОРУЖЈЕ СО СОПСТВЕНИ СИЛИ И СРЕДСТВА

Страница 50 **ОГРОМНА ЧЕСТ, НО И ГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ**
РАЗГОВОР СО АЛЕКСАНДАР НОШПАЛ, МОДЕН ДИЗАЈНЕР, КРЕАТОР НА НОВИТЕ ГАРДИСКИ УНИФОРМИ НА АРМ





Страница 11





Страница 23





Страница 40



**ШТИТ - Година III, број 17, јануари 2011 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-мајор Насер Сејдини, Сашко Димов, полковник Мирче Ѓоргоски, потполковник Здравко Ризовски, потполковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Здравко Ризовски, потполковник

**РЕДАКЦИЈА**
Васил Дичевски (новинар-уредник), Кристина Илиевска (новинар-уредник), Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник); Иван Петрушевски (новинар-соработник); Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**КОНЦЕПТУАЛЕН КОНСАЛТИНГ, АРТ ДИРЕКЦИЈА И ДИЗАЈН**
Жарко Стојановиќ, Оливер Ќурчиев, Весна Вујадиновиќ, Стефан Смиљаноски

**Печати: „Европа 92" – Кочани**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ"
ул. „Орце Николов" 66 1000 Скопје
Телефони: 02 328 24 17; 02 328 20 58
Факс: 02 3113 527; 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


ШТИТ

## КРЕАЦИЈА

Симболиката на зборот креација вели дека тоа значи создавање, дело, творба, односно создавање висока уметничка вредност.

Деновиве, помалку или повеќе, на некој начин „малите" човечки суштества се преокупирани со желбата како да направат новогодишна честитка на свој и уникатен начин – да создадат своја оригинална креација и да им ја подарат на своите најблиски. За тоа, секако, е потребна бујна фантазија, доволно креативност и оригиналност. Убаво е, нели, кога во Новата година ќе зачекориме со нешто ново.

Во годината што доаѓа новина ќе биде реализацијата на новиот проект на Министерството за одбрана наречен „Центар за обука на пилоти", потоа имплементација на новата структура на АРМ, како и реализација на започнатите проекти меѓу кои се и „АРМ – мој вистински дом", „Старите касарни за нов развој"...

Во тој дух и ние, членовите на Редакцијата на „Штит", и овојпат, втора година по ред, се обидовме да направиме наша, сопствена креација, своевиден новогодишен подарок до вас – нашите верни читатели: Празничниот број на нашето и ваше новогодишно издание „гарнирано" со нешто ново, автентично, исконско и, се разбира, оригинално – предлогидејно решение за изработка на новите гардиски униформи на АРМ.

Според најавите, со зачекорувањето во Новата година, овој уште еден во низата проекти на Министерството за одбрана кои ја одбележаа годината што измина, ќе добие на интензитет и, како и досега, стројните гардиски момчиња ќе останат наши, автентични амбасадори и репрезенти на нашата култура и традиција.

Вообичаено е во вакви пригоди да си замислуваме новогодишни желби, потајно посакувајќи тие да ни се остварат во годината што доаѓа.

А кога сме кај нашите очекувања, се надеваме дека во врска со спорот за името кај нашиот јужен сосед ќе надвладее „гласот" на разумот, така што заслужено ќе станеме рамноправни со членките на евроатлантското семејство. На тоа имаме потполно право како еднакви меѓу еднаквите во светското семејство на народи бидејќи сме несебични придонесувачи кон постигнувањето и одржувањето на светскиот мир.

На личен план, почитувани читатели, Ви посакуваме да бидете креативни, постојано да ве води желбата да го продолжите патот по кој смело чекорите. Живејте го својот живот со чувство на емоционална исполнетост. Наместо реакција кон минатото – создадете креација во сегашноста. Верувајте во себе. Со таа верба направете го првиот чекор кон непознатото без колебање. Верувајте дека она што се има случено во минатото е од минорно значење во однос на неговата реакција во сегашноста, а особено во однос на нејзината можност за креација во иднина.

**За таа цел заеднички го продолжуваме патувањето и во НОВАТА 2011 година**.

*Здравко Ризовски*

# ЧЕКОР ПРЕД НЕПРИЈАТЕЛОТ



## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВИП-ЛИЧНОСТИ

За ефикасно функционирање на тимот за обезбедување и заштита на ВИП-личности, неговите членови мораат да го познаваат непријателот. Со проучување на нападите низ целиот свет, различни безбедносни служби при анализа на можните закани имаат посочено и нивни заеднички карактеристики. Иако непријателот има несомнени предности, тој исто така има и одредени слабости коишто можеме да ги искористиме. Доколку тимот за заштита е свесен за овие слабости, тој може да ги исползува во своја корист со цел да го спречи нападот или барем да биде подобро подготвен во случај да биде извршен напад.

**ФАЗИ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ОПЕРАЦИИ**

**1. Избор на целта (жртвата)**

Оваа фаза едноставно значи дека дадената група или поединец ја избира својата жртва (цел). Целта може да биде некој поединец, како на пример амбасадорите, воените лица или претседателите, а за место на напад може да се планира амбасада, главно седиште, полициска станица или хотел. **Изборот на целта се базира на целите и можностите на групата**. Постојатназнаки дека пред изборот на самата жртва можат да се одредат поголем број можни цели, а императив за напаѓачот е да се одбере жртва којашто ќе даде најголеми резултати со најмал ризик. Терористичките или криминалните групи секогаш тежнеат да ги одберат најистакнатите поединци или местата каде што обезбедувањето е најслабо подготвувано.

**2. Информации за целта (жртвата)**

Кога една група веќе ја има избрано својата цел, тие почнуваат да собираат разузнавачки информации за неа (сите обиди за атентати вклучуваат одредено собирање информации пред самиот напад). Информациите се потребни дури и во случаите на напаѓачи кои се менатално нестабилни. Ова е единствениот момент кога преку употреба на **набљудување** можат да се откријат намерите на непријателот пред самиот напад.

Тимовите за заштита мора да бидат многу чувствителни при собирањето на информации и да имаат предвид дека мисијата за собирање на информации сама по себе не е борбена мисија. Напротив, терористичката група се изложува себеси и ги покажува своите намери уште пред да се случи каква било акција. Набљудувањето на жртвата (целта) на терористите им е потребно со цел да ги соберат сите информации и податоци за успешно изведување на нивната активност. Тоа е редовна појава дури и кога се случува непосредно пред нападот затоа што без навремени и точни информации е невозможно терористите да го изведат нападот. Токму затоа непријателот е во постојана потрага по разузнавачки информации за штитеникот.

Постојат бројни нелегални начини за собирање информации за жртвата како што е на пример употребата на „кртови“ во безбедносните служби. Сепак, терористичката или криминалната група, најголем дел од информациите за жртвата ги собира преку разни законски извори коишто ѝ се достапни. Тука се вклучуваат телевизијата, радиото, весниците, телефонските именици, библиотеките, владини документи достапни за јавноста и слично.

Во изминатите години дојде до значително зголемување на способностите на средствата за јавно информирање во поглед на добивањето на информации за заштитени владини службеници и нивните маршрути на движење. За криминалците ова претставува одличен, лесно достапен и отворен начин за добивање информации.

Потребно е да се напомене дека при собирање на информации за целта, најголем дел од терористичките или криминалните групи оперираат во мали и релативно необучени тимови.

**3. Оперативно планирање**

Откако една група ќе ја избере својата жртва и ќе собере доволно разузнавачки информации, преминува во оперативна фаза на планирање. Во суштина оваа фаза е иста како и онаа кога безбедносните служби се подготвуваат да изведат апсење или напад. Некои, пак, од пософистицираните и поусовршени терористички групи изведуваат **подготвителни вежби** или **проби**.

За време на оперативната фаза на планирањето, главниот приоритет на терористичката група е да ги оцени своите **точки на тактичка предност**. Непријателот секогаш ги бара следниве елементи пред секој напад (извесен број од нив се неопходни за негово успешно извршување):изненадување, вистинска положба, зона на отворање оган од огнено оружје, зона на видливост (видик), надмоќност во однос на бројност и оружје, избор на време, место и услови за

напад, диверзии, секундарни или повторни напади, способност во поглед на обученоста со цел да се изведе планираниот напад, т.е. технички познавања во однос на комплексни експлозивни средства или оружја, доволна материјална и финансиска поддршка и организација за да се изведе нападот, (пари, возила, лажни документи за идентификација, средства за маскирање итн), висока способност за планирање (на пример, во случаи на киднапирање кога се потребни безброј детали како што се обезбедување на засолниште, на храна и на вода, жива сила за чување на киднапираниот поединец 24 часа на ден, рута за бегство и слично), можност да се биде на местото на нападот пред самиот напад без да се предизвика сомневање (неопходниот минимум е 20 минути) и детаљно разработен план и рута за бегство.

**4. Напад**

Почетокот на фазата на напад понекогаш подразбира „идентификација на жртвата". Непосредно пред нападот, независно дали се работи за поединец или група, непријателот сака да потврди дека жртвата е присутна. Лицето коешто ќе ја изврши идентификацијата на жртвата е непосредно во зоната на отворање оган или активирање на експлозивната направа.

Со сè поголемиот развој на технологијата и способностите во поглед на експлозивните направи, кај многу терористички групи се намалува потребата од лице што ќе ја идентификува жртвата. Доколку првиот план за напад е неуспешен, вториот обид станува поопасен и поскап затоа што безбедносните сили веќе се алармирани за постоење на заканата.

Лицето што ја врши идентификацијата може, но и не мора да биде дел од тимот за напад. Основна должност на лицето е да ја идентификува жртвата, да ја провери нејзината местоположба и да испрати сигнал до тимот за напад со цел да се почне или да се престане со нападот. Ова обично се изведува на тој начин што лицето физички влегува во зоната на дејствување, а потоа излегува од неа пред почеток на нападот или, пак, откако целта ќе биде потврдена, тоа му се придружува на тимот во самиот напад. За врска помеѓу тимот за напад и лицето кое го дава сигналот се користи радиопредавател или телефонска врска, а често се користат и визуелни сигнали, светлосни уреди или одредени движења со рака.

Тимот за заштита и обезбедување на лицето мора будно да ја следи целата ситуација и да внимава на сите маркантни промени на теренот. Доколку се забележат некои од гореневедените моменти, тоа е знак дека за многу кратко време можен е напад на лицето кое се обезбедува.

**5. Бегство и „експлоатација"**

Бегство од местото на нападот и од безбедносните сили кои го обезбедуваат лицето е следната етапа. Постои мит дека сите терористи се подготвени да загинат за своите цели. Меѓутоа самоубиствените мисии не се толку чести како што се претставува во јавноста. Малубројни се оние терористи или криминалци коишто планираат самоубиствени напади.

За време на фазата на оперативно планирање непријателот детаљно ќе ја испланира својата рута за бегство и местото за засолниште. Аналогно на тоа, на групата ѝ е потребно место за напад од каде што ќе може безбедно да се извлече кон своето засолниште.

Кога некои терористички групи се обидуваат да стекнат име или јавна поддршка за своите политички или лични цели, доаѓа до експлоатација на настанот. Доколку терористичката група планира да го „експлоатира" киднапирањето, во фазата на оперативно планирање треба да се обезбедат неколку елементи како што се камери, видеоопрема, обезбедување на периметар на засолништето, листа на барања, начин на кој ќе се комуницира со „другата страна" и слично.

**ВАРИЈАНТИ НА ДВИЖЕЊЕ НА ШТИТЕНИКОТ**

Тимот за заштита мора да биде свесен и да ги **препознае петте гореневедени фази на можната терористичка или криминална операциј**а. Една од целите на тимот за заштита е да ги спречи овие фази и да го натера непријателот да побара полесни, понеобезбедени цели. Истражувањата на извршени напади низ целиот свет постојано докажуваат дека кога тимот за заштита свесно би ги менувал своите рути на движење од вообичаените локации или времето на пристигнување и заминување за барем 30 минути (иако се препорачуваат 60), најверојатно би се избегнал терористички напад врз одредена цел.

Фазата на која заштитниот тим може најефикасно да делува е онаа во којашто непријателот преку набљудување собира разузнавачки информации за целта. Ова е единствено време кога заштитниот тим со помош на постојана непредвидливост може да го одреди планот на групата пред самиот напад или истата да ја одврати од изборот на својот штитеник како цел.




**ТОЧКИ НА ГУШЕЊЕ И ИДЕАЛНИ МЕСТА ЗА НАПАД**

Врз основа на оперативните фази може да се претпостави каде би можел да се изведе нападот. Според тоа, основната задача на тимот за заштита е да се утврдат веројатните места на напад со тоа што ќе ја споредат секојдневната рута на штитеникот со моменталната позиција на карта каде што се наоѓаат во моментот и со брза анализа на рутите по коишто мораат да се движат.

Во основа самата анализа на рутите (како оние за движење со возило, така и за одење пеш) ќе ги одреди „точките на гушење", коишто исто така се нарекуват веројатни места.

**Точка на гушење** претставува секое место низ кое **мора** да се помине кога се патува од точката А до точката Б. Доколку постојат алтернативни рути, но истите никогаш не се користат, а штитеникот продолжува да патува од точката А до точката Б по истата рута и во истите временски рамки, самата група создала точки на гушење кои претходно не постоеле.

Најголемиот дел од „точките на гушење" се блиску до живеалиштето или канцеларијата на штитеникот затоа што тој мора секојдневно да минува преку нив. Сепак, тоа можат да бидат и други места, на пример, црква, училиште, неделни средби во други владини објекти и слично.

Двете најчести „точки на гушење" се наоѓаат на патеката од **домот до работа** и од **работа до домот**. Кога непријателот планира напад тој ги бара овие две места. Примената на овие принципи од минатите искуства при реализирани напади докажуваат дека најголем број инциденти се имаат случено на „точките на гушење" кои лесно може да се предвидат.

По одредување на овие точки припадниците на тимот за обезбедување мора да ги применат сите аспекти на тактичка предност во поглед на фазата на оперативното планирање на терористите, а тоа се: висина, зона на отворање оган, зона на видливост (видик), рута за бегство итн. Кога за одредено специфично место одредено како „точка на гушење" важат најголемиот број елементи на тактичка предност, тогаш се работи за идеално место за напад.

Припадниците на тимот за обезбедување мора да размислуваат за точките на тактичка предност на начин како тие самите да се во улога на терористи. Тимот за обезбедување и заштита мора да го оневозможи постоењето на идеални места за напад. Досега низ анализи е заклучено дека терористичките групи редовно напаѓаат на идеалните места за напад и тоа со примена на гореневедените правила кои можат да се избегнат.

Идеално место за напад е местото каде што тимот за заштита треба да ги концентрира своите сили и зоната каде што мора да биде максимално буден.

*Ненад Танески*